# Прилог XI

## ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

## Содржина

XI.1 Обем ........................................................................................................ 3
XI.2 Мерки ...................................................................................................... 3

## XI.1 Обем

„ИКЛ Горни Полог” ДОО Гостивар поднесува барање за А интегрирана дозвола до Министерството за животна средина и просторно планирање и според содржината на формуларот на барањето треба да достави Предлог-програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приближување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и почва.

## XI.2 Мерки

„ИКЛ Горни Полог” ДОО Гостивар планира да ги редуцира сите емисии во воздух, вода и почва и со тоа да даде придонес за зачувување и унапредување на животната средина.

Во развојниот план на фирмата се планира воведување на концепт за почисто производство и и систем за управување со животната средина каде што пристапот на решавањето на проблемите е поинаков и ќе се делува на изворот на загадување со примена на нови техники за минимизација на емисиите и употреба на отпадот.

Енергетската ефикасност ќе се реши со модернизација на регулацијата на едлектромоторите и вентилаторите.. Со намалување на потрошувачката на електрична енергија ќе се даде придонес во глобалното намалување на загадување на воздухот преку заштеди при производство на електрична енергија од фосилни горива.

Ефикасно користење на ресурсите ќе се реши со намалување на потрошувачката на вода преку инсталирање на допирни славини со автоматско исклучување, и инсталирање на WAP перење под притисок заради заштеда на вода.

Сите активности по фази се така планирани да не предизвикаат зголемени влијанија врз животната средина, зголемени трошоци на суровини и енергија. Припремите и адаптациите ќе бидат така испланирани да не предизвикаат застој на производниот процес. Единствено ќе се запира кога тоа е неопходно и во исто време ќе се изведат некои поправки кои се предвидени со планот за редовно одржување.